# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


До

[redacted]

Република Северна Македонија
Врска : Барање бр. [redacted]од 21.02.2022 година

Предмет: Доставување на информација од јавен карактер

Почитувани,
Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.[redacted]од 21.02.2022 година, со кое барате да ви доставиме информација ве известуваме дека барањето е прифатено и Општина Кочани има донесе позитивно

**Решение**

Врз основа на вашето барање со кое барате
1.До каде е постапката за изградба на објект за Роми - Дом за престој на незгрижени лица, согласно потпишаниот Договор со изведувачот на предметните објекти?
2. Кога е предвидено да се продолжи со запрената постапка за изградба на објекти во месноста „Пресечена скала“ и до кога е планирано да се реализира истото во целост?
3. Дали е направен алтернативен пат за тешката механизација, која ќе се користи во изградбата на објектите за Роми - Дом за престој на незгрижени лица?
4. Дали Општина Кочани има конкретни заложби и напори при распределбата на социјалните станови кои се во фаза на изградба на социјалната зграда (информација достапна од 05.02.2022 на Министерство за транспорт и врски3), односно дали ќе бидат земени во предвид семејствата од Старата касарна во Кочани во насока на обезбедување на достоинствени услови за живеење?

Ве информираме дека Општина Кочани на ден 22.02.2022 година одржа јавна трибина за граѓаните од градска четврт пет за Проектот за изградба на дом за престој на незгрижени лица, намена А3- групно домување и на истата граѓаните едногласно прифатија промена на локација, на последната седница на Совет одржана на 25.02.2022 година донесе Одлука со бр 09-612/1 која гласи:
Советот на Општина Кочани, дава согласност:
1. Да се промени локацијата за изграба на објекти за Ромите од Старата касарна од м.в.„Трајаново трло“ во Градска четврт 5.
2. Градоначалникот на Општина Кочани да го раскине Договорот заведен под деловоден број 05- 379/3 од 16.02.2021 година, за изградба на објекти за Роми ( Дом за

престој на незгрижени лица) склучен помеѓу: Општина Кочани како Нарачувач и Друштвото за производство, трговија и услуги ПАНЕЛ- М експорт-импорт Мехаз ДООЕЛ Тетово, како Изведувач.

3. Да се изготви нов Проект за изградба на социјални објекти за Ромите од Старата касарна.

Општината се залага да го реши проблемот на граѓаните од старата касарна

Бр.[redacted]
03.03.2022 година
Кочани

Лице за контакт
Јалчн Неџипов **072/306-065**

Лице за посредување при остварување на право
на слободен пристап до информаци за Општина Кочани
Јалчн Неџипов